**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

## НАЈЧЕСТО ПОСТАВУВАНИ ПРАШАЊА ОД КОРИСНИЦИТЕ НА ЕСТАТ

### *1. Добивме известување за електронско пополнување на образец преку е-пошта , но во пораката нема прикачено образец?*

За одделни статистички истражувања ДЗС воспоставува нов начин за прибирање на податоци, преку е-образец кој не е прикачен во електронската порака туку ќе го најдете како веб-форма за on-line пополнување откако ќе влезете во системот преку линкот https://estat.stat.gov.mk.

### *2. Што ако сме ја заборавиле лозинката или, пак, сакаме да ја промениме?*

Вие не можете да креирате лозинка по ваш избор бидејќи системот автоматски ја генерира. Единствено можете да ја обновите на следниот линк :

https://estat.stat.gov.mk/Account/PasswordRecovery.aspx

### *3. Дали скениран пополнет образец, испратен по е-пошта, е прифатлив?*

За сите статистички истражувања кои се на листата на истражувања за кои е понуден е-образец имате две опции:

- да го пополните on-line преку системот за електронско прибирање за кој имате добиено корисничко име и лозинка, а линкот за пристапување е https://estat.stat.gov.mk
- да го испечатите образецот понуден во .pdf формат, да го пополните и да го испратите по пошта на адреса: Државен завод за статистика, ул. Даме Груев бр. 4, 1000 Скопје. За истражувања опфатени со еСтат веќе нема да се прифаќаат скенирани обрасци испратени по е-пошта.

Со користење на еСтат: се намалуваат поштенските трошоци за доставување обрасци; се скратува времето потребно за пополнување затоа што идентификациските податоци се однапред пополнети, со вградените контроли се намалува можноста за ненамерни грешки при пополнувањето, а со тоа и потребата од дополнителна комуникација со ДЗС; наместо чување хартиени обрасци, е-образецот овозможува електронско архивирање и поедноставна расположливост без потреба од дополнително скенирање; навремена информираност за пристигнатиот образец во ДЗС.